**Општина Прилеп**
Локална самоуправа

**Municipality of Prilep**
Local self-government

Прилеп, 08.02.2024
Наш број: 03-565/1

Врз основа на член 62, став (10) од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20), Градоначалникот на Општина Прилеп го дава следното

**СООПШТЕНИЕ**

**За спроведување на јавен увид на**

**Урбанистички проект согласно член 58 став(6) од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20, 111/23) вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична електрана (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП 2551/2, КО Варош, општина Прилеп**

**член 1**

Се известуваат граѓаните на Општина Прилеп дека се организира Јавен увид по Урбанистички проект согласно член 58 став(6) од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20, 111/23) вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична електрана (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП 2551/2, КО Варош, општина Прилеп, со тех.бр.111/23 од ноември 2023г. изработен од „ПЕРКАН ПРОЕКТ“ ДООЕЛ – Прилеп.

**член 2**

**Проектниот опфат на Урбанистички проект согласно член 58 став(6) од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20, 111/23) вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична електрана (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП 2551/2, КО Варош, општина Прилеп,** е опфатен во рамките на урбаниот опфат на Услови за планирање на просторот за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична електрана (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП 2595/2, КО Варош,

општина Прилеп со бр.Y08923 од март 2023г. и Решение за Услови за планирање на просторот со бр.УП1–15 606/2023 од 18.04.2023г. издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање .

Проектниот опфат е дефиниран со граница која претставува затворена полигонална линија. Опфатот го сочинува една катастарска парцела КП 2551/2, КО Варош, општина Прилеп. Координатите на прекршните точки кои ја дефинираат границата на проектниот опфат се дадени во следната табела:

**Вака формираниот проектен опфат има вкупна површина од 6560,78м².**

**На Урбанистички проект согласно член 58 став(6) од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20, 111/23) вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична електрана (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП 2551/2, КО Варош, општина Прилеп со тех.бр.** 112/23 од ноември 2023г. изработен од „ПЕРКАН ПРОЕКТ“ ДООЕЛ – Прилеп, јавниот увид ќе трае 15 дена во електронска форма, кој надлежниот орган со става на увид на јавноста со објавување на службената web страна на Општина Прилеп https://www.prilep.gov.mk/ и на официјалната страна од е-урбанизам https://www.e-urbanizam.mk во периодот од 08.02.2024 до 23.02.2024година за кое време може да се доставуваат евентуални забелешки, секој работен ден од 8:30 до 15:30 во просториите на Општина Прилеп, Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина.

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Борче Јовчески

ул. „Прилепски Бранители“ бр.1. Прилеп тел./ факс.: (0) 48 401 - 720
e-mail: prilep@prilep.gov.mk web: www.prilep.gov.mk